-- О П Ш Т И Н А Д Е Л Ч Е В О --
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Ул.“ Светозар Марковиќ” бр.1, 2320 Делчево, Република Македонија
Тел/факс: 033/411-550, E-mail: info@delcevo.gov.mk
Web: www.delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 28
18.11.2014 година

Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува:
Одделение за човечки ресурси,
Правни и општи работи

Ноември, 2014

## -1-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 18.11.2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување акти од 21. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

I.Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **21.седница** која се одржа на ден **15.11.2014** година и тоа:

1. Решение за разрешување на член на Комисијата за јавни дејности;
2. Решение за именување на член на Комисијата за јавни дејности;
3. Решение за разрешување на член на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина;
4. Решение за именување на член на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина;
5. Одлука за формирање на Совет за јавно здравје на општина Делчево;
6. Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;
7. Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во РМ;
8. Одлука за прифаќање на Иницијативата за изработка на Детален урбанистички план Лесна индустрија и сервиси м.в. „Стар Монопол“ во град Делчево дел од блок 2.6, Урбана единица 2;
9. Одлука за донесување на План на програми за развој за Буџетот на Општина Делчево за 2015 година;
10. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2014 година;
11. Решение за разрешување на член на УО на ЈПКД „Брегалница“-Делчево.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08-2243/1**
**18.11.2014 година**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Дарко Шехтански ,с.р.**

**-2-**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМбр.5/2002) и член од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 21 седница, одржана на ден 15.11.2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување на член на Комисијата за јавни дејности**

I. Се разрешува Соња Аврамовска од член на Комисијата за јавни дејности.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 2222/1**
**15.11.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

## -3-

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМбр.5/2002) и член од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 21 седница, одржана на ден 15.11.2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување на член на Комисијата за јавни дејности**

I. Се разрешува Соња Аврамовска од член на Комисијата за јавни дејности.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 2223/1**
**17.11.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

## -4-

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМбр.5/2002) и член од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 21 седница, одржана на ден 15.11. 2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување на член на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата**

I. Се разрешува Соња Аврамовска од член на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 2224/1**
**15.11.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМбр.5/2002) и член од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 21. седница, одржана на ден 15.11.2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на член на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата**

I. Се именува Александра Трајковска за член на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 2225/1**
**15.11.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје („Сл.весник на РМ“ бр.22/2010, Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 15.11.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање на Совет за јавно здравје**
**на Општина Делчево**

Член 1

Се формира Совет за јавно здравје на Општина Делчево, составен од 5 члена, од кои 4 члена-претставници на Општината (администрација и Совет на Општина) и 1 член-претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево.

Член 2

За членови на Советот за јавно здравје се избираат:

1. Тони Дуовски, претставник на Општината
2. Татјана Стојковска, претставник на Општината
3. Радмила Ивановска, претставник на Советот на Општината
4. Фиданчо Младеновски, претставник на Советот на Општината
5. примариус д-р Јелица Стојковска- претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево

Член 3

Советот за јавно здравје на Општина Делчево има задача да ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје, да изготвува мислења, да дава иницијативи и/или предлози до органите на единиците на локалната самоуправа.

Член 4

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на совет за јавно здравје на општина Делчево бр. 07-1610/1 од 15.07.2013 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 07- 2226/1**
**15.11.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

# -7-

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/2002), Советот на општина Делчево на својата 21. седница одржана на ден 15.11.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За доделување на стипендии на одлични ученици**
**во СОУ „М.М.Брицо“, Делчево**

Член 1

Се донесува Одлука за доделување на 6 (шест) стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо“, Делчево во учебната 2014/2015 година.

Член 2

Стипендиите ќе се доделуваат на:

- ученици од II, III и IV година со континуиран просечен одличен успех (од 4.50 до 5.00)

- ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или пак социјални случаи.

Член 3

Износот на месечната стипендија е 1000 денари/ученик и учениците истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на учебната 2014/2015 година.

Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево за 2015 година.

Член 4

Изборот на учениците кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево, Советот на Опшштина Делчево и СОУ „М.М.Брицо“, Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Делчево“.

**Број 07- 2227/1**
**15.11.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002),Советот на Општина Делчево, на својата 21.седница, одржана на ден 15.11.2014година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување на студентски стипендии**
**за студенти кои студираат на државните универзитети**
**во Република Македонија**

Се донесува Одлука за доделување на 6 стипендии на редовни студенти од Делчево кои студираат на универзитети во Република Македонија во студиската 2014/2015 година.

Член 2

Стипендиите ќе се доделуваат на:

- Редовни студенти во сите студиски години освен I (прва), со континуиран успех над 8.00;
- Студенти чии родители се невработени, со ниски месечни примања, или, пак социјални случаи

Член 3

Износот на месечната стипендија е 2000 денари/студент и студентите истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на студиската 2014/2015 година.

Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Делчево за 2015 година.

Член 4

Изборот на студенти кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево и Советот на Општина Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 07- 2228/1**
**15.11.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 17-а став 1 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( Сл.в. на РМ 51/2005;137/2007;91/2009;124/10;18/ 11 ; 53/11 ; 144/12 и 55/13 и 163/13), член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 21. редовна седница, одржана на ден .15.11.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифакање на Иницијатива за изработка Детален урбанистички план (ДУП) Лесна индустрија и сервиси м.в. ,,Стар Монопол ,,**
**во град Делчево дел од блок 2.6, Урбана единица 2**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се прифака Иницијативата за изработка Детален урбанистички план Лесна индустрија и м.в. ,,Стар Монопол ,,во град Делчево дел од блок 2.6, Урбана единица 2 со опфат од 3.6 ха

**Член 2**

Иницијативата произлегува од потребата за донесување на Детален Урбанистички План(ДУП) и решавање на инвестициските потреби.

**Член 3**

Одлуката се однесува прифакање на Иницијативата за изработка Детален урбанистички план Лесна индустрија и сервиси м.в. ,,Стар Монопол ,,во град Делчево дел од блок 2.6, Урбана единица 2 со опфат од 3.6 ха со граници на минимално предвиден опфат:

1. Северозапад граници на К.П бр.8721; 8719; 8718 до оската на улица,,8 Септември
2. Кон Север по оска на улица ,,8 Септември,, до улуца ,,Крушевска,, на запад по оска на улица ,,Крушевска,,до Северна граница на К.Пбр.7958
3. Северна граница на К.П бр.7958 до оска на улица,,Маршал Тито,,
4. Јужно по оска на улица ,,Маршал Тито,,до граница на К.П бр.8721

Со намена :

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Г3 - Сервиси

Г4 - Стоваришта

**Член 4**

Одлуката се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива.

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 07- 2229/1**
**15.11.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 6 од законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 б став 2 од Законот за буџети-Пречистен текст („Сл.весник на РМ“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11 и 171/12), Советот на Општина Делчево на својата 21. редовна седница на 15.11.2014 година, донесе

**Одлука**
**за усвојување на Предлог план на програми за развој**

Член 1

Се усвојува Предлогот на Планот на програмата за развој на:

- Доградба на Детска градинка „Весели цветови“;

-Реконструкција на ул.„Маршал Тито“

-Изградба на инфраструктура во Индустриска зона „Долни бавчи“.

Член 2

Планот на програмите за развој од член 1 се составен дел на оваа одлука и ќе бидат составен дел на Буџетот на општина Делчево за 2015 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Делчево“.

**Број 07- 2230/1**
**15.11.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р**

# -11-

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на Општина Делчево на 21 седница одржана на 15.11.2014 година, донесе :

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ на Општина Делчево за 2014 година

1. Општ дел

Член 1

Во Буџетот на Општина Делчево за 2014 година се вршат следните измени:

| | БУЏЕТ | РЕБАЛАНС |
|---|---|---|
| I. ВКУПНО ПРИХОДИ | 231.666.000 | 222.292.300 |
| **Даночни приходи**<br>43.088.000 | | 37.248.300 |
| **Неданочни приходи**<br>14.895.000 | | 19.130.000 |
| **Капитални приходи**<br>9.000.000 | | 3.042.000 |
| **Приходи од дотации**<br>116.417.000 | | 116.417.000 |
| **Трансфери**<br>31.650.000 | | 33.239.000 |
| **Приходи од донации**<br>15.716.000 | | 13.216.000 |

| | БУЏЕТ | РЕБАЛАНС |
|---|---|---|
| II. ВКУПНО РАСХОДИ | 231.666.000 | 219.292.300 |
| **Од утврдени намени**<br>219.066.000 | | 219.192.300 |
| **Резерви**<br>600.000 | | 100.000 |

| | БУЏЕТ | РЕБАЛАНС |
|---|---|---|
| III. ДЕФИЦИТ | 60.000.000 | 3.000.000 |

| | БУЏЕТ | РЕБАЛАНС |
|---|---|---|
| IV. ФИНАНСИРАЊЕ | 60.000.000 | - 3.000.000 |
| Прилив | 60.000.000 | 0 |
| **Домашни приливи** | 60.000.000 | 0 |
| **Приливи од странски заеми** | 0 | 0 |
| **Одлив** | 0 | 3.000.000 |
| **Отплата на главница** | 0 | 3.000.000 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи во колоната ребаланс и тоа како што следува :

# -12-

Врз основа член 17 и 18 од Законот за јавни претпријатија ("Сл.весник на РМ" 38/96, 9/97,6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010 и 6/2012) и член 22 став 1 алинеја 31 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013),Советот на Општина Делчево на својата 21.редовна седница, одржана на 15.11. 2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување на член на Управниот одбор**
**на ЈПКД "Брегалница"-Делчево**

I. Се разрешува Светлана Ѓеорѓиевска од член на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.

II. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 07- 2233/1**
**15.11.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р**

# СОДРЖИНА


| Р.бр. | Име на акт | Архивски број | Страна бр. |
|---|---|---|---|
| -1- | Решение за објавување акти од 21. седницана Советот на Општина Делчево | **Број 08-2243/1** | 2 |
| -2- | Решение за разрешување на член на Комисијата за јавни дејности | **Број 07- 2222/1** | 3 |
| -3- | Решение за разрешување на член на Комисијата за јавни дејности | **Број 07- 2223/1** | 4 |
| -4- | Решение за разрешување на член на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата | **Број 07- 2224/1** | 4 |
| -5- | Решение за именување на член на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата | **Број 07- 2225/1** | 5 |
| -6- | Одлука за формирање на Совет за јавно здравје на Општина Делчево | **Број 07- 2226/1** | 6,7 |
| -7- | Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“, Делчево | **Број 07- 2227/1** | 7,8 |
| -8- | Одлука за доделување на студентски стипендии за студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија | **Број 07- 2228/1** | 9 |
| -9- | Одлука за прифакање на Иницијатива за изработка Детален урбанистички план (ДУП) Лесна индустрија и сервиси м.в. ,,Стар Монопол ,, во град Делчево дел од блок 2.6, Урбана единица 2 | **Број 07- 2229/1** | 10,11 |
| -10- | Одлука за усвојување на Предлог план на програми за развој | **Број 07- 2230/1** | 12 |
| -11- | ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ на Општина Делчево за 2014 година | | 13,14 |
| -12- | Решение за разрешување на член на Управниот одбор на ЈПКД “Брегалница”-Делчево | **Број 07- 2233/1** | 14 |
| -11- | СОДРЖИНА | | |